РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-239/2
26-07-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Предметот заведен под број 09-239/1 од 15.01.2024 година, против лицето ---------, поранешен претседател Управниот одбор на НУ -----------------, СЕ ЗАПИРА.
ДКСК заклучи дека наводите од пријавата се потврдуваат, констатирана е повреда на член 50 став 1 и 2 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, но поради застареност на прекршокот, не може да поведе прекршочна постапка, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на пријава од познат подносител оформен е предмет во Секторот за спречување на корупција под број 12-5350/1 од 20.11.2023 година, а на 98та седница одржана на 11.01.2024 година, со Службена белешка, предметот е прераспределен на работа и постапување во Одделението за спречување судир на интереси и лобирање и постапката продолжува под број 09-239/1 од 15.01.2024 година.

Во пријавата се изнесени наводи за неправилности во НУ -----------, а во врска со реализација на проект „----------------" за кој биле предвидени/одобрени средства од Буџетот на РСМ, преку Министерство за -------------, во износ од ------, 00 денари. Во пријавата се наведува дека во наведениот проект, како еден од ангажираните надворешни соработници било ангажирано и лицето -------------, па подносителот се сомнева дека била спорна исплатата за неговиот ангажман, од причина што наведеното лице било именувано од страна на Министерот за ----------, на функција претседател на Управен одбор на ------------, како претставник од редот на истакнати поединци од областа на културата, со Решение бр. -----------/2 од 02.12.2019 година, а потоа бил разрешен со Решение ----------/2 од 31.03.2021 година на негово лично барање.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Поранешниот претседател на Управен одбор НУ ---------------, е еден од ангажираните надворешни соработници на проектот „----------“ со извршена исплата на хонорар од ------- денари (бруто износ) на 05.07.2021 година, преку Агенција за интелектуална сопственост ---------, за стручна подготовка, истражување и подготовка на -------------“, видно од Авторски договор бр. ------- од 01.07.2021 година.

Согласно член 70 став 1 од Законот за културата, со којшто е утврдена обврската на директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година да донесе нацрт-годишна програма за работа на установата и да ја достави до Министерството за ----------- директорот на НУ --------------, носи нацрт – годишна програма за работа за Музејот за 2021 година со бр. -------- од 30.07.2020 година, за која Управниот одбор дал согласност за нацрт-годишната програма за работа, што е во согласност со член 36 став 1 од истиот закон. Согласноста од Управниот одбор со бр. --------/2 од 30.07.2020 година е дадена на 74та седница одржана на 30.07.2020 година. На спомenатата согласност потпишано е пријавеното лице, како Претседател на Управен одбор.

Понатаму согласно, член 70 став 5 од Законот за ------, со Решение на Министерот за ------- УП1 бр. -------- од 23.02.2021 година се избрани проектите на -------- за 2021 година, вклучително и проектот „-----------“.

Понатаму со обврска од член 70 став 7 од Законот за ------, директорот на НУ ја носи Годишната програма за работа за ---------- за 2021 година со бр. ----- од 08.04.2021, по претходна согласност на Управниот одбор бр. -----од 08.04.2021 година. На оваа согласност како потпишан се јавува Потпретседателот на Управниот одбор на -----, бидејќи во меѓувреме, на ден 06.04.2021 година, лицето ------ со Решение ------/2 од 31.03.2021 година е разрешен од спомнатата функција, на негово барање од лични причини.

По анализа на добиената документација и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија утврди дека е прекршен член 50 став 1 и 2 од ЗСКСИ од страна на лицето --------, бидејќи истото, како Претседател на Управен одбор на НУ ------, потпишал Согласноста за нацрт – годишна програма за работа за ------ за 2021 година со бр. ------ од 30.07.2020 година која е дадена на 74та седница на Управниот одбор одржана на 30.07.2020 година. Врз основа на Нацрт програма е донесена Годишната програма за работа за ------ за 2021 година со бр. 01-187/1 од 08.04.2021 година, каде е вклучен проектот „--------------“, за кој проект, лицето ---------, во рок пократок од три години по престанок на функцијата Претседател на Управен одбор на ----------- остварил корист за себе, со склучување на Авторски договор бр. ------- од 01.07.2021 година со НУ ------------, и е ангажиран како еден од надворешните соработници на

споменатиот проект, за кој бил запознаен, односно располагал со информации, преку извршување на функцијата Претседател на Управен одбор на --------.

*Имено, согласно член 50 став 1 и 2 од ЗСКСИ:*

*(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.*

*(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.*

ДКСК не може да поведе прекршочна постапка против ----------- за повреда член 50 став 1 и 2 од ЗСКСИ, казнив по член 105 став 1 алинеја 9, поради тоа што се поминати две години од денот кога е сторен прекршокот, односно тоа е денот кога е потпишан Авторскиот договор бр. --------- година, помеѓу наведеното лице и НУ -----------------.
*Имено, согласно со чл.41 став 1 и 4 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр. 96/2019 и 253/2023, Прекршочната постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат две години од денот кога е сторен прекршокот. Застарувањето на прекршочното гонење започнува од денот кога е сторен прекршокот.*
ДКСК не може да покрене ниту Иницијатива пред надлежен орган за поведување постапка за утврдување на одговорност за лицето ----------, согласно член 17 став 4 до ЗСКСИ, бидејќи е настаната промена на фактичка состојба, односно наведеното лице не ја извршува повеќе функцијата Претседател на Управен одбор на НУ ----------, видно од со Решение -------- од 31.03.2021 година на Министерот за ------.
Државната комисија ќе достави укажување до НУ ----------- за настаната состојба, со цел да се спречи појавата од користење на информации со кои службените лица располагаат при вршење на јавните овластувања и должности за да остварат корист за себе или друг.
Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р С.М – советник
Контролирал: К.З - раководител